Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК
## ОД 79 –ТАТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 25 МАРТ 2014 ГОДИНА

**ЗАПИСНИК**
**од седумдесет и деветтата седница на Државната изборна комисија**

Седумдесет и деветтата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 25 март 2014 година ( вторник ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 17:15 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М-р Субхи Јакупи-** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Биљана Стојановска-** | Генерален секретар на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

**1.Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**
**2.Предлог Заклучок во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии;**
**3.Разно**

Се отвори расправа по вака предложениот дневен ред.
Никој не побара збор и предложениот дневниот ред е ставен на гласање.
**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа ". ЗА " усвојување на дневниот ред на 79 – тата Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски предложи за точката 1 и **Точка 2:Предлог Заклучок во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии;** поради тоа што се непосредно поврзани, како и на претходната Седница, да се води заедничка расправа, а ќе се одлучува за секоја точка одделно.Даде збор на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да даде објаснување по овие точка од дневниот ред.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека има Преглед на одобрени решенија по поднесени пријави за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии за оваа Седница на ДИК, а кои се од стручните служби обработени за 25.03.2014 год. Бројот на позитивните решенија е 731 и тоа се пријави кои се прифатени. Бројот на решенија за одбиени пријави е вкупно 28 од кои 9 решенија за одбиени пријави поради тоа што лицата ги нема со звездичка и немаат

приложено докази а 19 лица ги нема во Избирачкиот список. Се проверуваат сите одбиени пријави, се читаат лицата по име и презиме и основот по кој е одбиена пријавата. По направената проверка, констатира дека Стручната служба добро утврдила дека одбиените лица не ги исполнуваат условите за прифаќање на пријавите, ДИК правилно постапува и овие пријави треба да бидат одбиени.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи даде образложение по точката 2 од дневниот ред. Кажа дека на ден 25.03.2014 година за Образецот ИС 1 – Запишување во Избирачкиот список има вкупно 17 решенија ( се читаат по ред, по подрачни одделенија, дата на приемот и број на решенија ), за Образецот ИС 2 – Бришење од Избирачкиот список има вкупно 60 решенија ( се читаат по ред, по подрачни одделенија, дата на приемот и број на решенија ) и за Образецот ИС 3 – Промени во Избирачкиот список има вкупно 6 решенија (се читаат по ред, по подрачни одделенија, дата на приемот и број на решенија ). Овие решенија треба да се усвојат и со Заклучокот да се достават до Државниот завод за статистика.

Расправата по двете точки од дневниот ред се затвори. Прво се гласаше по Точка 1:Предлог Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9 се ставени на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9.**

Се стави на гласање по Точка 2: Предлог Заклучокот во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии на ден 21.03.2014 година.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Заклучокот во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 3:**
**Разно**

По точката “Разно“ никој не се јави за збор.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори седумдесет и деветтата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**79-та седница на Државната изборна комисија заврши во 17:26 часот.**

Број 07-1173/2
28.03. **2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА**
**ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**